| Неделна тема | Подготовка на шумските животни за зима |
|---|---|
| **Содржина на денот** | И животните се подготвуваат за зима |
| **Возраст** | 3 -4 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Здрави и безбедни навики - Усвојување на здрави и безбедни навики кога сме надвор. |
| **Активност** | Запознавањето со шумските животни од нашето поднебје и подготовките за презимување – (слика 1) може да го изведете преку театар на маса со Вашите играчки-животни(слика 2). Едно по едно претставувајте ги, побарајте од детето да го препозна,опише, именува и запрашајте го дали го знае нивното живеалиште. Во текот на разговорот помагајте му на детето со слики од електронските медиуми и Ваши објаснувања (слики 3, 4, 5 и 6).<br>Со помош на игровните материјали кои ги имате дома предложете му на детето да направи живеалиште за секое животно-игра „Каде ќе зимувам “, а потоа и играчките да ги постави на соодветно место.<br>Користете и некои плодови кои ги имате во домот, а се дел од храната на животните. Дајте му ги на детето да ги стави на точно место-живеалиште (слика 7).<br>Нацртајте, испринтајте или дадете му боенка со шумски животни детето да бои во контура со дрвени боици (слика 8).<br>Изработката поставете ја на соодветно место и така секојдневно надоплонувајте со изработки  и направете Ваша изложба од животни. |